Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Број 107, 15 август 2013 година

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

август 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област право на Европската унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област право на Европската унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 14

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област земјоделско инженерство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 22

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област фитопатологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 30

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Системи на квалитет и стандарди“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева и коавторот м-р Сашка Голомеова од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Нега на текстил“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 40

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот Казнено право применета програма“ од д-р Олга Кошевалиска, асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Казнено право применета програма“ од д-р Олга Кошевалиска, асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 44

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис на скрипта со наслов „Молекуларна биологија со генетика“ од доц. д-р Дарко Бошнаковски, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис на практикумот со наслов „Молекуларна биологија со генетика“ од доц. д-р Дарко Бошнаковски, асс. м-р Мишко Милев и асс. м-р Марија Караколевска - Илова, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ортодонција 1“ од доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 51

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за практикумот „Ортодонција 1“ од доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска, Факултет за медицински науки, стоматологија,Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 54

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 56

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИТОПАТОЛОГИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип на својата 84. седница, одржана на 13.5.2013 година, донесе Одлука број 1802-232/4 за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање *асистент* за научната област *фитопатологија* на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип во состав:

– проф. д-р Саша Митрев – претседател, редовен професор (наставно-научна област фитопатологија) на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– проф. д-р Илија Каров – член, редовен професор (наставно-научна област фитопатологија) на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и
– проф. д-р Душан Спасов – член, вонреден професор (наставно-научна област ентомологија) на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“ на 30.4.2013 година, на кој во предвидениот рок се пријавија кандидатките:

– м-р Билјана Ковачевиќ и
– м-р Даниела Иљкова.

Комисијата ја разгледа приложената документација на кандидатките и направи бодирање во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација на кандидатките, чест ни е на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОДНЕСЕНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД М-Р ДАНИЕЛА ИЉКОВА**

***I. Биографски податоци***

**М-р Даниела Иљкова** е родена на 22 февруари 1983 година во Гевгелија. Се запишала на додипломски студии на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломирала на 31 јануари 2008 год. со средна оценка 7,37 на насоката Прехранбена технологија и се стекнала со назив дипломиран инженер технолог. Потоа кандидатката продолжила да се усовршува на постдипломските студии на истиот факултет на студиската програма Управување со квалитет и безбедност на храна, каде што на 27 јуни 2012 год. го одбранила магистерскиот труд со наслов „*Минимално процесирање на плодови од јапонско јаболко со употреба на јадливи филмови*“ и се стекнала со стручен степен магистер на технички науки од областа *прехранбена технологија*.

***II. Наставно-образовна дејност***

Нема податоци

***III. Научноистражувачка дејност***

Кандидатката во својата кратка биографија изјавува дека на 21 септември 2011 год. учествувала на конгрес во Опатија, Хрватска, со постер-презентација со наслов „Preservation of *Diospyros kani* with edible filus", но нема доставено документ за истата.

***IV. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката м-р Даниела Иљкова има работно искуство како технолог во Фабрика за конзервирање на овошје и зеленчук „Зора шпед" во Гевгелија.

**ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОДНЕСЕНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД М-Р БИЛЈАНА КОВАЧЕВИЌ**

***I. Биографски податоци***

**М-р Билјана Ковачевиќ** е родена на 9 март 1974 год. во Штип. Основно и средно образование завршила во родниот град, а потоа се запишала на Хемиски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што во 1999 година се здобила со звање дипломиран инженер по хемија. Од 2004 до 2006 година волонтира во Институтот за јужни земјоделски култури во Струмица. Во 2004 год. се запишала на постдипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Во 2008 година се презапишала на постдипломски студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, каде што во 2010 година се здобила со звање магистер на земјоделски науки од областа заштита на растенијата. Во меѓувреме, од 2007 до 2010 година работи како помлад асистент, а од 2010 година до денес работи како асистент од областа фитопатологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Во учебната 2011/2012 година се запишала на трет циклус студии на Земјоделски факултет во Штип.

***II. Наставно-образовна дејност***

Кандидатката м-р Билјана Ковачевиќ од 2007 година работи како асистент на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина при Земјоделскиот факултет во Штип по предметите: Фитопатологија, Фитофармација, Заштита на поледелски култури и Интегрална заштита на зрнести и клубенести култури.

***III. Научноистражувачка дејност***

Во периодот од 2010 год. до денес кандидатката имала два научни престои, еден во земјава, на Институтот за хемија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и еден во странство, на Институт по хемија при Факултетот за природни науки и математика, Универзитет во Ниш, Србија. Учествувала на неколку научни работилници во рамките на два научни меѓународни проекти („Capsicum Balcan biodiversity, финансиран од FP 7 програмата и Темпус проект).

Кандидатката учествала на XXXVII традиционално советување за заштита на растенијата на Република Македонија, кое се одржало во Охрид во периодот од 20 до 21 декември 2012 година, со две усни презентации насловени како:

1. The fungus Gnomonia leptostyla causes destructive disease of walnuts in Macedonia;
2. Fungal diseases of pepper in East Macedonia in 2011 – 2012.

Исто така, кандидатката земала учество на две меѓународни конференции со усна презентација:

Rossitza Rodeva, Ilija Karov, Zornitsa Stoyanova, Biljana Kovacevik, Vasilissa Manova, Ralitsa\Georgieva (2012): Phomopsis capsici and Colletotrichum coccodes infecting pepper in Macedonia. International Symposium on current trends in Plant Protection. Proceedings, p. 257-263, September 2012, Belgrade, Serbia (http://www.izbis.com/aktuelno-e.html).

и две постер презентации:

Karov I., Mitrev S., Biljana Kovacevik and Kostadinovska Emilija (2010): Weed species found in rice fields in the Republic of Macedonia, 3rd International rice congress, 8-12.11. 2010 Hanoi, Vietnam.

Karov I., Mitrev S., Biljana Kovacevik and Kostadinovska Emilija (2010): Gibberella fujikuroi (Sawada) Wollenweber, anamorf Fusarium moniliforme Sheldon, Causer of bakanae disease on rice in Republic of Macedonia, 3rd International rice congress, 8-12.11. 2010 Hanoi, Vietnam.

Во периодот од 2010 година до денес учествува како коавтор на девет научни трудови од кои два се објавени во списанија со СЦИ:

Rossitza Rodeva, Dimitrina Kostova, Petar Chavdarov, Ioannis Manoussopoulos, Jordan Merkuri, Magdalena Cara, Ilija Karov, Sasa Mitrev, **Biljana Kovacevik**, Gancho Pasev, Mirjana Mijatovic (2012): Pepper Diseases in Balkan region. Acta Horticulturae - 5th Balkan symposium on Vegetables and Potatoes, October, 2011 (http://www.actahort.org/books/960/960_53.htm);

- *Оригинален научен труд во кој се опишани резултатите кои се добиени од двегодишните истражувања на болестите на пиперката на балканскиот регион.*

Karov I., Mitrev S., Maširević S., **Biljana Kovacevik** (2011): First appearance of white mould on sunflower caused by *Sclerotinia minor* in the Republic of Macedonia. Helia, 2011 34(54):19-26. (http://www.doiserbia.nb.rs/issue.aspx?issueid=1681)

- *Оригинален научен труд во кој се опишани симптомите, одгледувачките и морфолошките карактеристики на фитопатогената габа Sclerotinia minor кај сончогледот во Република Македонија.*

1. Darinka Gjorgieva, Tatjana Kadifkova-Panovska, Saša Mitrev, **Biljana Kovacevik**, Emilija Kostadinovska, Katerina Bačeva & Trajče Stafilov (2012): Assessment of the genotoxicity of heavy metals in *Phaseolus vulgaris* L. as a model plant system by Random Amplified Polymorphic DNA (RAPD) analysis. Journal of Environmental Science and Health, Part A: Toxic/Hazardous Substances and Environmental Engineering (2012) 47, 366–373;

- *Оригинален научен труд во кој се опишани резултатите добиени од експерименталните и лабораториски испитувања за токсичноста на тешките метали кон гравот (Phaseolus vulgaris).*

D. Ivic, **Biljana Kovacevik**, Visnja Vasilj, Nikolina Idzakovic (2011): Occurrence of potentially toxigenic *Fusarium verticillioides* and low fumonisin B1 content on barley grain in Bosnia and Herzegovina. Journal of Applied Botany and Food Quality 84.ж (http://pub.jki.bund.de/index.php/JABFQ/article/view/1810);

- *Оригинален научен труд во кој се изнесени резултати од испитувањата за присуството на микотоксинот фумонизин Б1 во јачменот во Босна и Херцеговина.*

2. Саша Митрев, Душан Спасов, Илија Каров, Емилија Костадиновска, **Билјана Ковачевиќ** (2011): Идентификација на причинителот на стеблената некроза кај доматот во Република Македонија. Годишен зборник 2010. Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Volume X (9-25).

- *Оригинален научен труд во кој за првпат се идентификува присуството на фитопатогенета бактерија Pseudomonas mediterranea кај доматот на просторот на Република Македонија.*

3. Илија Каров, Саша Митрев, **Билјана Ковачевиќ** (2011): Појава и идентификација на причинителот на болеста „бела мувла“ кај сончогледот во Република Македонија. Годишен зборник 2010. Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Volume X (25 - 35).

- *Оригинален научен труд во кој се идентификува присуството на Sclerotinia sclerotiorum кај сончогледот во Република Македонија.*

4. Ilija Karov, Sasa Mitrev, **Biljana Kovacevik**, Emilija Kostadinovska (2011): Introduction of new pathogens on barley in Republic of Macedonia. 1st national Agriculture Congress and Exposition in memory of Ali Numan Kirac with international Participation. Proceeding book, 27-30. April 2011, Eskisehir, Turkey;

– Прегледен труд за болестите кои се присутни на јачменот во Република Македонија кој изобилува со оригинални слики.

5. Darinka Gjorgieva, Tatjana Kadifkova-Panovska, Sasa Mitrev, Emilija Kostadinovska, Biljana Kovacevik (2011): Assesment of genotoxicity of xenobiotics by RAPD_PCR. Петти конгрес на фармацијата со меѓународно учество. Македонски фармацевтски билтен 57 (додаток) 2011, стр. 146.

- *Оригинален научен труд во кој е прикажана генотоксичноста на некои ксенобиотици со помош на RAPD_PCR метода*.

6. Верица Илиева, Саша Митрев, Илија Каров, Наталија Маркова, Емилија Костадиновска, Биљана Ковачевиќ: Квалитетни својства на семето од пченица произведено и доработено во „Унисервис агро“ - Штип во периодот 2008-2010 година. Годишен зборник 2010. Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Volume X (147 – 157).

- *Стручен труд во кој се прикажани резултатите добиени од лабораториски испитувањата на семето од пченица во периодот 2008-2010 година*.

Во овој период, исто така, кандидатката земала активно учество во два домашни и еден меѓународен проект:

1. Проучување на присуството на бактериската пламеница (*Erwinia amylovora*) кај овошните култури во Македонија (2012- во тек) – домашен проект;
2. Полифенолен и ароматичен профил на вина од сортата *вранец* ферментирани со изолирани квасци од тиквешкото виногорје (2012- во тек) – домашен проект;
3. Exploration of balkan biodiversity of capsicum spp. to extract biotic stress resistant germplasm SEE ERA NET 226/05 (2010-2012) – меѓународен проект.

***IV. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во својата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност кандидатката м-р Биљана Ковачевиќ во изминатиов период активно учествувала во неколку комисии. Исто така, учествувала како коавтор во поглавје од книга објавена во странство и земала учество на едно домашно советување и три конференции одржани во странство со свое излагање.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата, врз основа на прегледот на документацијата, констатира дека кандидатката м-р Биљана Ковачевиќ има поднесено комплетна документација согласно со објавениот Конкурс. Кандидатката м-р Даниела Иљкова нема доставено документ за учество на конгрес во Опатија, Хрватска, и документ за работно искуство како технолог во Фабрика за конзервирање на овошје и зеленчук „Зора шпед“ во Гевгелија.

Сумирајќи ги резултатите од извештајот, Комисијата констатира дека кандидатката м-р Биљана Ковачевиќ ги задоволува сите стручни и наставно-научни услови предвидени со позитивните законски прописи, за избор во звање.

Имајќи го предвид претходно изнесеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев во Штип кандидатката м-р Биљана Ковачевиќ да ја реизбере во звање асистент за наставно-научната област фитопатологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Саша Митрев, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Илија Каров, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Душан Спасов, вонреден професор, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на м-р Даниела Иљкова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | Во странство | Вкупно |
| **1.** | / | / | / | / |
| | | | **Вкупно** | **0** |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | |
| | | **Во земјава** | **Во странство** | **Вкупно** |
| **1.** | Одбранет магистерски труд | 1 x 4 | | 4 |
| | | | **Вкупно** | **4** |
| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | |
| | | **Во земјава** | **Во странство** | **Вкупно** |
| 1. | / | / | / | / |
| | | | **Вкупно** | **0** |
| | | | **Вкупно поени од НО + НИ + САОР** | **4** |

**Табела за вреднување на активностите на м-р Билјана Ковачевиќ, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | Во странство | Вкупно |
| 1. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии за учебната 2010/2011 г.) | 14 x 0,5 | | 7 |
| 2. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии за учебната 2011/2012 г.) | 14 x 0,5 | | 7 |
| 3. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии за учебната 2012/2013 г.) | 8 x 0,5 | | 4 |
| | | | **Вкупно** | **18** |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | |
| | | **Во земјава** | **Во странство** | **Вкупно** |
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во СЦИ | | 2 x 9 | 18 |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во ЦА | | 2 x 6 | 12 |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание | 3 x 3 | | 9 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 1 x 1 | 1 x 2 | 3 |
| 5 | Одбранет магистерски труд | 1 x 4 | | 4 |
| 6 | Учесник во научен проект | 2 x 2 | 1 x 3 | 7 |
| 7 | Научен престој во странство | | 1 x 8 | 8 |
| | | | **Вкупно** | **61** |

| Ред. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | Во странство | Вкупно |
| 1 | Член на комисија | 3 x 2 | | 6 |
| 2 | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 1 x 1 | 3 x 1 | 4 |
| 3 | Поглавје од книга | | 1 x 7 | 7 |
| | | | **Вкупно** | **17** |
| | | | **Вкупно поени од НО + НИ + САОР** | **96** |